Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 51 ѓ став 3 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 50-та седница одржана на 30.06.2011 година донесе

**ОДЛУКА**
**за престанок на дневната обврска на**
**поддржувачот на ликвидноста**

1. Исполнувањето на обврската на поддржувачот на ликвидноста за поединечна хартија од вредност се смета дека е реализирана и пред истекот на минималната временска застапеност, во случај кога поддржувачот на ликвидноста до тој момент остварил дневен промет со хартијата од вредност која е предмет на договор за поддржување на ликвидноста поголем од 25% од просечниот дневен промет на хартијата од вредност во последните шест месеци (без блок трансакции).

2. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките и архивата на Берзата и за истата да се информира јавноста.

3. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од 15.07.2011 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**